Врз основа на членот 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), Советот на Општина Кочани на седницата одржана на 15.12.2023 година, донесе

# П Р О Г Р А М А
## за комуникација на Општина Кочани за 2024 година

I

## Увод

Програмата за комуникација овозможува одржување редовна и навремена комуникација со јавноста за подобрување на информираноста за работењето на Општината и за сите други прашања од интерес на локалната заедница.

Основната функција на Програмата за комуникација е да ги определи начините на пренесување и видот на информациите за работата на единицата на локалната самоуправа внатре и надвор од неа.

Програмата ги дефинира активностите и алатките со кои тие ќе се спроведат, а опфаќа и мерки за постојано ажурирање и подобрување.

За спроведување на Програмата ќе се користат расположливите човечки и финансиски ресурси. Во насока на унапредување на комуникацијата, за одредени активности ќе се користат и дополнителни ресурси.

Програмата ја спроведува општинската администрација со соодветните стручни и раководни административни служби, под раководство на градоначалникот на Општината и согласно со Процедурата за внатрешната комуникација во Општина Кочани (08-780/1 од 04.04.2023).

## Законска основа за информирање на јавноста

Согласно Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, Општина Кочани како имател на информации е должна да ја информира јавноста преку својата интернет-страница, односно да овозможи целосен и бесплатен пристап до документите и информациите преку својата веб-страница: www.kocani.gov.mk.

Освен Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, кој содржи и одредби за проактивно односно за самостојно објавување информации, низа други закони пропишуваат обврски за објавување информации врз проактивна основа. Станува збор за одредби во Законот за локалната самоуправа, Законот за буџетите, Законот за јавен долг, Законот за финансирање на единиците на локална самоуправа и др.

Проверка на спроведувањето на начинот и квалитетот на информирањето на јавноста според Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер врши Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер, и по однос

на тоа дали објавените информации се целосни и ажурирани, како и според степенот на објави, се изработува извештај за степенот на исполнителност на законската обврска, односно за транспарентноста на општината.

Исто така, индексот за активната транспарентност на општините го мерат и граѓански организации, а дел од нив двапати годишно изработуваат извештај за активната транспарентност во јавниот сектор, каде во посебен дел припаѓаат и единиците на локалната самоуправа.
Општина Кочани го реализира Проектот на УСАИД за зајакнување на капацитетите за искористување на ресурсите, со кој се следи општинската фискална транспарентност.

**Комуникација со јавноста заснована на активна транспарентност**

Активната транспарентност значи објавување информации на сопствена иницијатива на имателите на информации, без притоа некој да има доставено официјално барање за слободен пристап до нив. Во случаите кога има доставено барање за одредена информација, станува збор за реактивна транспарентност. Објавените информации треба да бидат лесно достапни и разбирливи, да можат да се употребат, да бидат релевантни и ажурирани.

Тоа се информации со кои граѓаните:

- се информираат за **регулативата и за одлуките на властите**, односно за своите права и обврски во општеството;
- бараат **одговорност од властите**;
- можат да **учествуваат во процесот на донесувањето одлуки** и
- имаат **пристап до услугите што ги нудат јавните институции**.

Објавувањето информации врз проактивна основа е корисно за самата институција по неколку основи:

- помага на институцијата да биде поодговорна во трошењето на јавните пари;
- институцијата ги промовира принципите на добро владеење и интегритет и
- институцијата е поефикасна бидејќи подобро управува со информациите со коишто располага.

1. Активната транспарентност подразбира **едноставен и брз пристап до информации** од Општина Кочани. Тоа значи дека веб-страницата треба да содржи:
– посебен оддел за пристап до информации, поместен на основното мени, на почетната страница;
– листа на информации со кои располага институцијата;
– прописи за надлежноста на Општината како имател на информации;
– предлог-програми, програми, стратегии, ставови, мислења, студии и др. слични документи од надлежноста на Општината;
– информации за своите надлежности;
– Статутот на Општината.
2. Активната транспарентност подразбира пристап до **информации за надлежноста и за услугите на Општината**. Тоа значи објавување на:
– службени гласници на Општината;
– дневен ред за седниците на Советот на Општината;
– одлуки/акти на Советот на Општината;
– услуги што ги дава Општината;
– организациска структура (шема, органограм) на Општината;

– листа на вработените (со контакти – службени телефони и е-адреса);
– решенија во управна постапка;
– информативен билтен или друг облик на информирање.

3. **Буџетска и финансиска транспарентност** се постигнува со објавување на:
– Буџетот на Општината;
– Завршна сметка на Буџетот;
– квартални извештаи за извршување на Буџетот во претходната година;
– граѓански буџет;
– Годишен план за јавни набавки за претстојната година;
– огласи за јавни набавки;
– тендерски документации за огласите;
– известувања за склучени договори од јавни набавки.

4. Активната транспарентност значи лесен и едноставен пристап до информации за **специфичните надлежности на општините**, што значи објавување информации за:

– работата на органите на општината, комисиите на Советот и јавните служби и за плановите и програмите кои се од значење за развојот на општината;
– ГУП и ДУП-ови;
– урбанистичкото планирање (одобренија за градба);
– заштита на животната средина;
– локалниот економски развој;
– комуналните дејности;
– културата;
– спортот и рекреацијата;
– социјална заштита и заштита на деца;
– образованието;
– здравствената заштита;
– мерките за заштита и спасување на граѓаните;
– противпожарната заштита;
– надзорот над вршењето на работите од надлежност на Општината;
– стапката на данокот на имот што ја пропишува општината;
– надоместокот за уредување на градежно земјиште.

**Принципи за комуникација со јавноста**

- Комуникацијата на Општина Кочани со јавноста е составен дел од сите активности на Општината;
- Процесот на комуникација е јасен и разбирлив;
- Комуникацијата е навремена;
- Комуникацијата е отворена, чесна и искрена;
- Информациите се вистинити и достапни до сите;
- Комуникацијата е двонасочна меѓу Општината и сите целни групи.

Цели на програмата

Општа цел:

Одржување редовна и навремена комуникација со јавноста за подобрување на информираноста за работењето на Општината и за сите други прашања од интерес на локалната заедница.

Специфични цели:

1. Зголемување на задоволството на граѓаните од работењето на Општината;
2. Поголема вклученост на граѓаните во активностите од заеднички интерес и во процесот на донесување одлуки во насока на градење имиџ на отворена општина;
3. Обезбедување комуникација и распространување на информациите за посебни целни групи;
4. Подобрување на системот на внатрешна комуникација и информираност;
5. Подобрување на квалитетот на комуникациските капацитети на Општината.

Активности

За остварување на специфичната цел 1: Зголемување на задоволството на граѓаните од работењето на Општината, се следниве активности:

1. Редовно и навремено информирање на граѓаните за работењето на Општината – (за тековни проекти, планови за нови проекти и политики, законски обврски на граѓаните, манифестации, законски измени, резултати од сработеното и др.) – подразбира систематизиран проток на информации до сите граѓани како корисници на услуги од локалната самоуправа како и на медиумите како алатки за пренесување на информациите. Ваквото информирање се одвива непрекинато, во текот на целата година.
2. Редовно собирање мислења и впечатоци од целните јавности и анализа на податоците со цел подобрување на услугите и работата на општинската администрација.

За остварување на специфичната цел 2: Поголема вклученост на граѓаните во активностите од заеднички интерес и во процесот на донесување одлуки во насока на градење углед на отворена општина, се следниве активности:

1. Поттикнување на граѓаните за учество во креирањето на буџетот – значи навремено информирање заради вклучување на јавноста во процесите на одлучување. Информациите се подеднакво значајни за сите граѓани, невладините организации, месните и урбаните заедници, бизнис-секторот, а се пласираат во фази, според календарот за буџетирање на општините.
2. Поттикнување на поголема вклученост на граѓаните во донесување на стратешки документи – ваквата активност дава простор за демократизација, чувство на граѓаните дека се активен сегмент во општествените процеси со право и можност да влијаат при создавањето на суштинските документи, програми, планови, одлуки. Повиците за вклучување се упатуваат пред процесите на креирање.
3. Поттикнување на поголемо учество на граѓаните на манифестациите од заеднички интерес – комуницирањето со повеќе целни групи е преку кампањи за манифестациите, соодветно временски планирани пред почетокот на манифестациите.

За остварување на специфичната цел 3: Обезбедување комуникација и распространување на информациите по мера на посебните целни групи, се следниве активности:

1. Општината ги има предвид спецификите на секоја од целните јавности: навиките на информирање, јазикот и начинот на обраќање, потребите и интересите, возрасните и родовите разлики и сл.
2. Подигање на свеста и информирање на граѓаните (жените и мажите) за обврските кон Општината.
3. Зголемување на опсегот и квалитетот на информирање на граѓаните (жените/девојчињата, мажите/момчињата) за општинските активности и надлежности
4. Одржување информативни средби со посебни целни групи (мажи, жени, деца, младинци, пензионери) заради идентификување на потребите во врска со прашања од јавен интерес од локално значење.

За остварување на специфичната цел 4: Подобрување на системот на внатрешна комуникација и информираност, се следниве активности:

1. Редовно информирање на внатрешната јавност за случувањата во Општината. Секојдневно комуницирањето внатре, во единицата на локалната самоуправа, по хоризонтала и по вертикала, согласно Процедурата за внатрешна комуникација во Општина Кочани.

За остварување на специфичната цел 5: Подобрување на квалитетот на комуникациските капацитети на Општината, се следниве активности:

1. Подигање на капацитетот за комуницирање; Општината ги сервисира информациите, ги прави јавни и одржува редовна комуникација. За таа цел е потребна стручна администрација, вешта во комуницирањето, заради што е потребно континуирано јакнење на капацитетите за совладување и надградување на вештините во комуницирање со граѓаните, посебните целни групи и со медиумите.
2. Унапредување и следење на квалитетот на средствата за комуникација.

Целни групи

1. Граѓаните на општина Кочани; 2. Урбани и месни заедници; 3. Медиуми (локални, регионални и национални); 4. Граѓански организации/здруженија; 5. Бизнис-заедница; 6. Општинска администрација; 7. Земјоделци; 8. Потенцијални инвеститори; 9. Туристички организации; 10. Невработени; 11. Граѓански сектор; 12. Млади (студенти и ученици); 13. Културни работници и уметници; 14. Спортски работници, спортисти, спортски и рекреативни клубови и здруженија; 15. Донатори; 16. Маргинализирани групи; 17. Институции; 18. Пошироката јавност и други групи определени според потребите за комуникација.

Канали и алатки за комуникација

1. Традиционални и нови медиуми

Согласно законските прописи, со цел да оствари редовна и непречена комуникација, Општина Кочани во 2024 година ќе ги користи новите, современи електронски средства за комуникација: веб-страницата на Општина Кочани (www.kocani.gov.mk) со нејзините страници и профили на социјалните мрежи и дигиталната платформа за интерактивна комуникација „мЗаедница“.

Со оглед на разновидноста на целните групи, Општина Кочани ќе ги користи и традиционалните канали за комуникација: локалните, регионалните и националните медиуми, односно медиумите што ја покриваат територијата на целата држава

(телевизии и радиостаници со национална концесија, дневни весници, магазини и др.), информативни портали и др.
Предноста на современиот начин на комуникација е комбинирањето на новите и на традиционалните медиуми и можноста информациите од класичните да бидат пренесени до јавноста и преку интернет-каналите.

2. Алатки за комуникација:

– прес-конференции, изјави, соопштенија, интервјуа и гостувања во емисии, посети на новинари, брифинзи за новинари, огласување, преноси во живо и снимки од седниците на Советот на Општина Кочани

– печатени материјали: извештаи, публикации, летоци, брошури, плакати

– е-пошта или е-известувања, е-изданија.

3. Други канали: огласна табла, сандаче за поплаки, пофалби и предлози, промотивни материјали.

4. Директни контакти: приемен ден за граѓаните кај градоначалникот; средби и состаноци со градоначалникот; отворени денови за средба со граѓаните; средби и состаноци со служби од општинската администрација, јавни расправи, собири (преку месните и урбаните заедници), дебати, настани, свечености и сл.

За внатрешната комуникација во Општина Кочани ќе се користи:

1. Непосредна/директна комуникација: колегиуми, состаноци на ниво на сектори и одделенија, состаноци меѓу сектори и одделенија, состаноци на сите вработени и сл.
2. Писмена комуникација: огласна табла.
3. ИТ-комуникација: е-пошта; внатрешна електронска мрежа (интранет).

Финансиски извори и ресурси за спроведување на Програмата

За спроведување на Програмата ќе се искористат расположливите човечки и технички ресурси од општинската администрација: стручните служби во делот на комуникацијата и службите со задачи за веб-администрирање и техничка поддршка во комуникацијата и раководните служби.

| | Активности, оперативни и технички трошоци | Трошоци / ден. |
|---|---|---|
| 1. | Трошоци за продукција и постпродукција на содржини за информирање и отчетност, усогласени со важечката законска регулатива | 50.000 (А0) |
| 2. | Огласи и јавни повици во национални печатени гласила, во печатени гласила избрани по јавен повик и во „Службен весник на Република Северна Македонија“ | 600.000 (А0+Е0) |
| ВКУПНО: | | 650.000 |

II

Програмата влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Кочани“.

Бр.09- 2204/1
15.12.2023 година
К о ч а н и

Претседател
на Советот на Општина Кочани,
Лазо Митев